УДК 811.163.3:929Мисирков,К. П.
УДК 930.85(497.7)

Катица Ќулавкова
Македонска академија на науките и уметностите
kulavkova@manu.edu.mk

# ПОЧЕТОЦИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА ИСТОРИЈА И ПРИЛОГОТ НА КРСТЕ МИСИРКОВ

## 1. Историја на културата

Културната историја е хуманистичка дисциплина која ги проучува културите, уметностите и јазиците во историски контекст и контакт. Таа е дел од општата историја на човечката цивилизација, но има своја одделна научна парадигма и методологија. Почетоците на македонската културна историја се поврзани со делото на Ѓорѓија Пулевски, Теодосиј Гологанов, Крсте П. Мисирков и членовите на МНЛД – Санкт Петербург - Димитрија Чуповски, Стефан Делов, Гаврил Константинович... Членовите на петроградското друштво се ‘пост-преродбеници’ повлекуваат граница меѓу флуидната словенска и стабилната македонска национална свест. Тие развиваат неколку хуманистички дисциплини: македонистика, фолклористика, етнографија, историја на уметноста, национална историја.

Иако проучувањето на културната историја датира од дамнини, таа се консолидира на строго научно и национално рамниште во 19 век, како поддисциплина на општата историја на општеството. Од 1850 до денес се следат неколку „начини на коишто се практикувала културната историја“ – интелектуална историја на идеи и поими, на менталитети, на симболи и погледи на свет, на јазици и говори (Arcangeli 2011). Иако не се исцрпува со културната историја, општествената историја без културната е обезличена. Имено, културните аспекти ја профилираат историската слика, ја хуманизираат и ѝ даваат душа. Во репрезентативните дела на македонската општа историја важно место заземаат специфичните културно-историски феномени и прашања (јазични, уметнички, етнографски, религиски, духовното наследство).

Историјата на општеството има два фокуса: едниот е национален и поврзан со развојот на државата, другиот е културен и заинтересиран за идентитетските спреги на релација индивидуа, нација и држава. Тоа е така затоа што културата и цивилизацијата, колку и да се различни, сепак се во заемна рецепција: запишаната и усвоена историја е цивилизациски чин, проекција на колективната меморија, синоним за национален консензус, рамнотежа меѓу стварното и имагинарното. Колку што има култура во цивилизацијата, толку има цивилизација во културата.

Токму затоа, сите стабилни истории се плод на контактот меѓу историската и митската свест, меѓу народната и писмената култура, меѓу културната и политичката автономија. Со оглед дека културата е најчувствителното лице на општеството, културната историја и самата е отворена спрема сите битни филолошки, книжевни, етнолошки, антрополошки, археолошки, митолошки, фолклористички и социоекономски индиции.

Според некои филозофи, културните аспекти на историјата се дури побитни од политичките и економските (Хантингтон 2010). Споредена со општествено-политичката, културната историја е постабилна. Така е затоа што се стреми да го сочува културното наследство од минатото, особено уметничкиот дел од тоа наследство. Во таа смисла, културата е кумулативна, така што, колку и да е иновативна, таа само привидно е антитрадиционална. Потрагата по новите културни изрази не е деструктивна, туку креативна, а креативноста е сама по себе конструктивна. Културната историја се модифицира во зависност од два фактора: прво, како се модифицира поимот култура и, второ, како се деградира статусот на нацијата – државата. Значи, ако за доминанта на културата се земат идентитетските обележја како јазикот, писменоста, книжевноста, етнокултурната традиција на колективни преданија (нарации), симболи, обичаи, култови, табуа, менталитет, морални норми, верски канони, уметнички вештини, занаети, креативни практики и културни индустрии, па дури и некои основни норми на естетиката на просторот и живеењето, тогаш и историјата на културата треба да ги проучува тие идентитетски аспекти и општествено-политички функции на културата.

Од друга страна, „постнационалната состојба“ (Miler 1997, цит. според изданието од 2012: 369–380), која се поврзува со воведувањето на новите технологии и медиуми, ги маргинализира традиционалните културни вредности втемелени врз јазично и книжевно ориентираните теории, и го поттикнува радикалниот пресврт во сферата на културната историја, инсталирајќи ги т.н. културни или културолошки

студии кои се занимаваат претежно со политички актуелните аспекти на културата.[1]

Современите културни студии, значи, доживуваат подем 80-тите години на 20 век, кога од историската сцена се повлекуваат државите нации, а на културниот и медиумски пејзаж преовладуваат новите информатички и телекомуникациски технологии и кога започнува инсталацијата на глобалното мултиетничко и мултикултурно општество (Miler 2012: 369–370). Тогаш се прави ревизија на доминантната национална парадигма на културната историја во прилог на постнационалната и постисториската концепција на културата, која се фокусира врз медиумите, популарната култура, консумеризмот, родовите прашања, сексуалноста, телото, културниот диверзитет, мултикултурализмот и транскултурализмот.[2] Тоа се случува главно на западните универзитети, во Англија, Америка, Канада. Од друга страна, во Русија, на пример, културните студии, познати како културолошки, како академски предмет се воведуваат 90-тите години и се фокусираат, сепак, врз проблематиката на националниот идентитет.

Навистина, културата не е автономна и изолирана дејност, туку интермедијална дејност, па соодветно на тоа, и историјата на културата има интердисциплинарни и мултиперспективни карактеристики. Тоа, впрочем, не е современо откритие, туку ја обележува и културната историја на 19 и 20 век. Разликата е во свесната интенција да се маргинализира националната културна парадигма, а да се постави во центарот на научниот интерес актуелниот, па дури и политички коректен комплекс на прашања. Нас овде нè интересира почетниот модел на културната историја каков што доминирал и во западните и во источните цивилизации, кој се практикувал и во проучувањето на македонската национална и културна историја од самиот крај на 19 и почетокот на 20 век. Иако во многу специфични и тешки социјални и политички околности, македонскиот интелектуален ум бил маркантен и ни оставил во наследство еден парадигматичен културно-историски опус, не толку голем по обем, колку што е величествен по својот духовен дострел.

[1] Културните студии се иницираат 1964 година, кога проф. Richard Hoggart го основа Центарот за истражување на културата на Birmingham Универзитетот во Велика Британија.

[2] Во Македонија културните студии се воведуваат како посебен предмет (културолошки студии, културна историја на Македонија) во рамки на додипломските и постдипломските наставни планови на Филозофскиот факултет, Институтот за национална историја, Институтот за македонска книжевност од почетокот на 21 век.

## 2. Почетниот модел на македонска културна историја

Фрагментарни почетоци на македонската културна историја се наоѓаат, во иницијална форма, во историографското дело *Славјанско-македонска општа историја* од 1893 година (пишувана цели десет години, а објавена 2003) на Ѓорѓија Пулевски. Во оваа општа македонска историја, конципирана и изведена споредбено, во историски континуитет од антиката до крајот на 19 век, и регионално – во рамки на Балканскиот Полуостров (со поглавја посветени на древната и поновата историја на Јужните Словени, Бугарите, Власите, Илирите), Пулевски посветува особено внимание на етнокултурните аспекти на македонските Славјани. Пулевски, имено, ги обработува, од културно-историска перспектива, следните прашања: – славјанскиот јазик на Македонците (првата книга, од 1 до 44 стр.); – „славјано-македонската словесност" и нејзините „јазични изреченија" (во петтото поглавје од XI книга, 923–1003 стр.); – основањето и разорувањето на „охридскиот Егзархат" (383–386); – старите славјански племиња (соеви), нивните имиња, потекло и обичаи.

Пулевски го востановува, на ниво на научна рефлексија, *македонскиот културно-историски континуитет*, интегрирајќи ги антично-македонскиот и словено-македонскиот елемент, покажувајќи дека антиквизацијата на историјата како опција на културната историја е нејзина константа, а не варијанта. Оваа опција за континуитетот на македонската културна историја нешто подоцна ќе биде застапена од Теодосиј Гологанов и од постпреродбениците – членови на МНЛД – Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски, д-р Гаврил Константинович, Дијамандрија Т. Мишајков, Стефан Јакимов Дедов, Наце Димов и други. Тие се вбројуваат во редот на т.н. македонски автономисти и македонски националисти. Тие се посветиле на научно втемелено и систематско проучување на општествената и културната историја на македонскиот народ, дефинирајќи ја – така – македонската национална кауза, без којашто е невозможно да се сфатат ни револуционерните автономистички движења ни научните културно-историски истражувања ни дипломатските активности на Македонското научно-литературно другарство – Санкт Петербург. Илустративна е дефиницијата што ја дава Мисирков за тоа што е македонски национализам: „Јазикот, народната поезија, наравите, обичаите – ете ги главните црти на македонскиот национализам." (Мисирков, том 3, 2008) Со делото на Пулевски, Мисирков, Чуповски и МНЛД – Санкт Петербург, се легитимираат почетоците на македонската општа и културна историја, со посебен осврт кон македонскиот јазик, писменост, црковност и државност.

## 3. Стабилизација и легитимирање на македонската културна историја во делото на Крсте П. Мисирков

Културната историја сфатена како комплексен проект е конципирана од Димитрија Чуповски, Крсте Мисирков, д-р Гаврил Константинович, Наце Димов и другите видни членови на Македонското научно-литературно другарство од Петроград од 1902 година. Овие истакнати македонски интелектуалци на почетокот на 20 век ги поставуваат темелите на македонската културна историја покажувајќи нагласен истражувачки интерес за етнографските, фолклорните, филолошките и картографските аспекти на македонската култура низ историјата. Политичката и државната перспектива на македонската нација тие ја поставиле во автономни и балкански рамки (конфедерација), при што искажале почит спрема културните права на сите национални малцинства присутни во тоа време на македонската географска територија, исто како што го постулирале начелото на доминантната позиција на македонскиот словенски јазичен, културен и етнички фактор.

Во таков општествен и интелектуален амбиент можела да се обликува и научната димензија на делото на Крсте Петков Мисирков во строга смисла на зборот наука. Основачките акти на МНЛД – Петроград, составени под менторство и авторство на Димитрија Чуповски, со нивниот визионерски, програмски, прагматичен и дипломатски карактер, се рефлектирале врз ставовите на Мисирков. Во првата деценија на 20 век Мисирков и Чуповски твореле и делувале во симбиоза, а разликата е во тоа што Чуповски бил промотор на македонската кауза и предводник на општествената и дипломатската дејност, додека Мисирков бил посветен на научноистражувачката и публицистичката дејност.

Македонската култура историја е основана приближно во исто време кога и другите етнонационални истории на европските култури. Мисирков е не само основоположник на културната историја на Македонија, туку тој ја издигнува истата на високо европско научно рамниште. Културната историја на Македонија конципирана од Мисирков не претставува само истражувачка и емпириска платформа туку и научна дисциплина со своја теориска, методолошка и интерпретативна заснованост. Мисирков ја проучувал македонската култура во контекст на пошироките словенски, јужнословенски и балкански етнокултури и нивните развојни процеси. Придонесот на Мисирков во развојот на македонската културна историја како научна дисциплина е значаен затоа што се рефлектира врз освестувањето и легитимирањето на македонскиот етнички и културен идентитет, што

пак претставува услов за стекнување на политичкиот суверенитет на Македонија.[3]

Научниот профил на Мисирков се формира и постапно и системно, во неколку држави и култури и на неколку јазици: српски, бугарски, руски. Сепак, врз почетниот модел на македонската културна историја на Мисирков е втиснат печатот на тогашната водечка славистичка и русистичка наука во чиишто центри тој студирал, под менторство на видни професори како, на пр., палеографот Петар А. Лавров, лингвистот Јан Бодуен де Куртене, Т. Д. Флорински и др.[4] Тој дипломира на Историско-филолошкиот факултет во Санкт Петербург во 1902, на тема „Кон прашањето за народноста и причините за популарноста на македонскиот крал Марко“ и се запишува на постдипломските студии по словенска филологија. Истата тема подоцна ќе ја прошири заради изработка на магистерскиот труд, под наслов „Кралевите Волкашин и Марко како историски личности и јунаци на јужнословенскиот епос“.

Најзначајни студии на Мисирков во областа на културната историја, објавени како посебни студии, сепарати и записи од неговите предавања[5] се следните: „Кон прашањето за потеклото и распространувањето на името ‘Словјане’“ (Мисирков 2008, Том 2: 145–150),[6] „Белешки по јужнословенската филологија и историја (Кон прашањето за пограничната линија помеѓу бугарскиот и српско-хрватскиот јазик и народ“ (1907), *За македонскиѿе рабоѿи* (1 изд. 1903, в. Мисирков 2008, Том 2: 161–282), „Јужнословенските епски преданија за женидбата на кралот Волкашин во врска со прашањето за причините за популарноста на кралот Марко кај Јужните Словени“ (Мисирков, Том 2, 2008: 283–402, студија од 1909), „Кон прашањето за превратот од 1331 г. во Србија и за учеството на Стефан Душан во него“ (4.4.1909), „Говорите на Источна и Јужна Србија во истражувањето ‘Дијалекти Источне и Јужне Србије“ (А. Белиќ, 13.11.1909), „За значењето на

[3] „Ние Македонците, треба да бидеме и навистина сме помалку Бугари, а повеќе Македонци од кога било порано во нашата историја.“ (Мисирков 2008: 193)

[4] „Неколку збора по повод научната експедиција во Македонија“ испратена летото 1900 г. покривала неколку научни интереси и дисциплини: археологија, палеографија, историја, етнографија. Мисирков критички забележува дека главната мисија на експедицијата не е остварена поради тоа што во нејзиниот состав немало лингвист – славист (Мисирков, Том 2, 2008: 6–52).

[5] Мисирков бил член на Историско-филолошкото друштво на Императорскиот новоруски универзитет во Одеса (1908), држи предавања во универзитетските центри во Одеса, Санкт Петербург...

[6] Овој текст на Мисирков е првобитно изложен како предавање одржано на Историско-филолошкото друштво при Новорускиот универзитет во Одеса (26.11.1907).

моравското или ресавското наречје за современата и историографска етнографија на Балканскиот Полуостров“ (1898) и др.

И многу публицистички текстови на Мисирков, објавени од 1910 до 1926 година се засновани врз неговите научни истражувања и сознанија за културната историја на Македонија и на јужнословенските народи. Посебно се интересни двата текста под наслов „Македонска култура“ (21.10.1923, Мисирков, Том 3, 2008: 248–252), во коишто Мисирков го истакнува „постоењето на одделна, самостојна и самобитна македонска култура“ (Мисирков 2008: 249). Во нив тој го дефинира културниот хегемонизам на Бугарија и Србија, кој денес претставува покритие на една ултимативна политичка стратегија на Бугарија:

> Мислите дека само во Софија и во Бугарија бладаат за општобугарско политичко и културно единство, во коешто да влегува и Македонија како еден од најсуштествените делови? (...) Нивниот страв пред македонската самостојна култура, пред македонската свест е толку голем што забранија да се употребува и самото име Македонија и Македонци... (Мисирков, Том 3, 2008: 149–250)

> Македонска самобитна култура имало и има и таа била најсилното оружје за Македонците да си го зачуваат досегашниот културен облик и да ги преживеат сите преврати во историјата на нивната татковина: ни Византија ни Бугарија ни Србија ни Турција можеле да внесат некакви промени во карактерот на Македонците од таков карактер што да ја убијат во нив индивидуалноста и да ги оддалечат од нивните словенски прадедовци. (Мисирков, Том 3, 2008: 251)

> Македонија во културен поглед е земја наполно востановена и совршено различна од државите кои сега ја владеат. (Мисирков, Том 3, 2008: 252)

> За жал, самостојното проучување на македонската култура и историја започнува одвај сега од самите Македонци... (Мисирков, Том 3, 2008: 288)

> Ние сме во состојба да докажеме (...) дека Македонците се најактивниот елемент од сите Јужни Словени, па дури и поактивни и од Бугарите туранци низ сите средни векови до покорувањето на Балканскиот Полуостров од Турците... (Мисирков, Том 3, 2008: 289)

> Збирот од вековните усилби за културно издигнување и национално самозачувување на Македонците, почнувајќи од 400 до 500 години пред појавата на српската држава на Немањиќевците и продолжувајќи и во времето на засилувањето и опаѓањето на последнава, заедно со нашите епски борби за црковна и политичка слобода во 19 и во првата

> четвртина од 20 век, ја составуваат нашата македонска национална култура, нашата „македонска историја (Мисирков, Том 3, 2008: 289).
>
> Ние можеме да ја констатираме блискоста на српските, бугарските и македонските интереси, но сè треба да биде оценувано од македонско гледиште (Мисирков, Том 3, 2008: 346).

Тука ќе биде наведен и текстот „Србите и илинденската 20-годишнина“ во којшто Мисирков пишува:

> Поробена сета од Србите, Македонија има своја славна далечна и блиска историја, своја национална култура, своја национална интелигенција и внатре во Македонија, и надвор од неа, интелигенција која ќе се бори со сите дозволени и недозволени средства против новите поробувачи на нејзината мила, убава и славна татковина (1 ед. 26.8.1923, в. Мисирков, Том 3, 2008: 239).
>
> Нека ми биде простено, но јас, како Македонец, на прво место ги поставувам интересите на мојата татковина и на моите сонародници и само потоа интересите на Бугарија и на Југославија. Јас сум Македонец, со македонска свест, и како таков си имам свое македонско гледиште врз минатото, сегашноста и иднината, и на мојата татковина, и на целото јужно словенство и затоа сакам и нас Македонците да нè прашаат за сите прашања кои нè засегнуваат нас и нашите соседи, а не сè да се свршува само со спогодби помеѓу Бугарија и Србија за нас, но без нас. (Мисирков, Том 3, 2008)

## 4. Заклучна согледба

Крсте Петков Мисирков, во својот не многу долг живот (1874 – 1926) и богатата научна, културна и општествена дејност, се занимава систематски и пасионирано со проучување на историјата на Македонците, со посебен осврт кон македонската култура во јужнословенски, општословенски и балкански контекст. Македонскиот национален идентитет, според него, е заснован врз диференцијалните културни особености на Македонците. Тие се поврзани со: 1) македонските наречја кои, и во периоди кога се практикувале немакедонски писма, како на пр. грчкото, или бугарското, и пред кодификацијата на македонскиот граматички стандард, се разликувале системски од бугарскиот и српскиот јазик; – народна култура, обичаи и нарав; – усната епска и лирска книжевност, како и севкупното народно предание како огледало на колективната свест и меморија; – етнографските обележја; – севкупното културно материјално и духовно наследство на подрачјето на етногеографска Македонија. Тој сплет на специфични и самобитни македонски културни обележја е темелот врз којшто се

востановила македонската национална свест, а следствено и македонската борба за политичка рамноправност со другите европски народи, било во облик на целосна автономија или за рамноправен и суверен статус во рамки на една словенска и христијанска конфедерација на Балканот.

Таквата идеологија била нарекувана *македонски сепаратизам, автономизам, национализам, македонизам*, ама во суштина е заложба за безусловно признавање на македонскиот културен, национален и историски идентитет. Македонските стигми се последица на жестоки пропаганди за културна асимилација и денационализација кои биле и се ефикасна стратегија во оневозможувањето на македонскиот политички и државен суверенитет, а со тоа и на територијалниот интегритет на Македонија.

Почетниот модел на македонската културна историја од преминот од 19 во 20 век е концепиран врз релевантни европски научни параметри. Таа и денес е исправена пред старите предизвици за коишто Мисирков се надевал дека ќе се разрешат пред едно столетие. Затоа, современите културни студии, колку и да се проширени по својот тематски опсег, колку и да се транскултурни, колку и да го маргинализираат почетниот модел на културната историја, не би требало да се претворат во „анационален“ дискурс, ако не поради нешто друго, а затоа што општата балканска и европска општествена констелација е драматично маркирана токму од национални, па и националистички концепти и проекти. Изложеноста на Македонија на повеќедецениски ултиматуми во процесот на евроинтеграцијата поради идентитетски спорови, е доказ за виталноста на хегемонизмот и за комплементарноста на балканските културни и политички претензии. Хегемонизмот има своја прагматична и догматска филозофија на којашто треба да ѝ се спротивстави научно заснован одговор со праведно и цивилизирано артикулирани решенија.

**Библиографија**

Конески, Б. 2021. „Погледите на К. П. Мисирков“, *Граматика на македонскиот јазик*. Скопје: МАНУ, сс. 41-45.

Мисирков, К. П. 2008. *Собрани дела*, том 1-4, подготвени од Блаже Ристовски, соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје: МАНУ.

Хантингтон, С. Ф. 2010. *Судирот на цивилизациите и преобликување на светскиот поредок*. Скопје: Евро-Балкан пресс. [Hantington, Samuel P. 1997. *The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. Simon & Schuster*]

Arcangeli, A. 2011. *Cultural History: A Concise Introduction*. Routledge.

Burke, P. 2004. *What is Cultural History?* Cambridge: Polity Press.

Burke, P. 2006. *Što je kulturalna povijest?* Zagreb: Izdanja Antibarbarus.

Malinowski, B. 1931. Culture, in: *Encyclopaedia of the Social Sciences,* Vol. 4, pp. 621-645. New York: Macmillan.

McCaffery, P. G., and B. Marsden, eds. 2014.*The Cultural History Reader*. Routledge.

Miler, H. Dž. (J. Hillis Miller). *Studije kulture i čitanje*. Aleksandra Nikčević-Batrićević (pr.), *Theoria, Poiesis, Praxis (savremena književnoteorijska misao)*, tom 1: 369-380. Cetinje: OFK.

Katica Kulavkova

THE BEGINNINGS OF THE MACEDONIAN CULTURAL HISTORY AND MISIRKOV'S CONTRIBUTION

S u m m a r y

Cultural history is a humanistic scientific discipline which studies cultures, arts and languages in a historical context and contact. As such, it has its own separate scientific paradigm and methodology, but is also part of the general history of society and civilization. The beginnings of the Macedonian cultural history are connected with the work of Gjorgjija Pulevski, Teodosij Gologanov, Krste P. Misirkov and the members of the MSLS – S.-Petersburg (Dimitrija Chupovski, Stefan Delov, Gavril Konstantinovich). The members of the MSLS– S.-Petersburg could be called members of the "post-Renaissance" for they make the distinction between the fluid Slavic and the clear (Slavic) Macedonian historical and national consciousness. They give their contribution to the development of several humanistic disciplines (Macedonian studies, folklore studies, ethnography, art history, national history).

*Keywords:* historical continuity, the initial model of Macedonian cultural history, the humanities, historical vs. mythical paradigm, post-revivalists, Misirkov, MSLS-S. Petersburg.